РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-7489/2
02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната

## Одлука

Пријавата со број 12-7489/1 од 27.12.2021 година, доставена од ------------------------------------ со наводи против ------------------------------------------------ – подружница Скопје, **ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупција и судир на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради тоа што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-7489/1 од 27.12.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

ДКСК оформи предмет со број 12-7489/1 врз основа на пријава, доставена од познат подносител против ------------------------------------------------------------------------- подружница Скопје, со наводи дека истиот како изведувач не го подмирил побарувањето спрема ГТД ------------------------ како подизведувач за изградба на проектот Клиничка болница Штип на начин што неосновано го раскина договорот со ГТД ---------------------------------------------.

Подносителот во пријавата наведува дека претрпил штета од раскинувањето на договорот, при што поднел Предлог за издавање на судски платен налог до надлежен суд. Судот донел решение со број ПЛ-ТС---/--- на 25.02.2020 година, кое било уредно доставено до двете странки во постапката и по правосилност на решението истото се процесуирал преку месо надлежен извршител на присилна наплата. Се оформил предмет со бр.И.бр.---/--- на Извршител ------------------- од -----------------, по чиј налог за извршување на ден 05.08.2020 година сметката на ----------------- беше блокирана.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување, затоа што постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: м-р Ш.С, член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk